Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на ден од дневни настани 02.09.2023

На 01.09.2023 во Кавадарци, полициски службеници од Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кавадарци ги лишиле од слобода С.М.(37) од Кавадарци и А.А.(37) од Неготино. При претрес во домот на С.М., извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени шест лап топ компјутери, делови за компјутер и друга компјутерска опрема за кои постои сомнение дека потекнуваат од кривично дело „Тешка кражба" сторено на 28.08.2023 во Здружени на граѓани на ул.„Бреа Хаџи Тефоски" во Кавадарци. Додека, кај А.А. бил пронајден еден лап топ компјутер за кој, исто така, постои сомнение дека потекнува од истото кривично дело и дека го купил од С.М.. Пронајдените ќе бидат вратено на сопственикот, а по целосно документирање на случајот против двете лица ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 02.08.2023 во 00.40 часот на ул.„Светозар Марковиќ" во Делчево, полициски службеници од Полициската станица Делчево го лишиле од слобода Т.С.(34) од Делчево затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.09.2023 во 17.10 часот на ул.„Широк Сокак" во Битола, полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода С.Б.(28) од Прилеп, со живеалиште во Битола, затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и предмет со остатоци од марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.09.2023 во 21.30 часот кај с.Богородица, гевгелиско, полициски службеници од Полициската станица Гевгелија ја лишиле од слобода У.Л.П.(39) од с.Брајковци, валандовско, затоа што кај него била пронајдена грутчеста материја. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.09.2023 во 23.30 часот на ул.„Мордо Нахмијас Лазо" во Битола, полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода Р.Ш.(37) од прилеп, со живеалиште во Битола, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.09.2023 во 13.10 часот на Граничен премин Меѓународен аеродром Скопје, полициски службеници го привеле Л.Ф.(33) од Косово затоа што при пасошка контрола и проверка било констатирано дека евидирал со мерка апсо по барање на Секторото за меѓународна полициска соработка. Лицето било предадено во Полициската станица Кисела Вода за понатамошна постапка.

На 01.09.2023 во 16.00 часот на Граничен премин Кафасан, полициски службеници го лишиле од слобода К.С.(73) од Република Албанија затоа што при пасошка контрола и проверка било констатирано дека евидира во оперативната евиденција ја стоп листата поради сомнение за сторено кривично дело по член 237 од Кривичниот законик. Лицето било предадено на полициски службеници од Полициската станица Струга за понатамошна постапка.

На 01.09.2023 во 14.30 часот во Полициската станица Ресен, З.Ч.(41) од Ресен пријавил дека кај бензинска пумпа во с.Сливница пронашол граната. Пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување Битола ја подигнал граната и констатирал дека се работи за граната со калибар 75 мм која потекнува од Првата светска војна.

На 01.09.2023 во 19.40 часот во Полициската станица Аеродром, Е.Ѓ.(22) од Скопје пријавила дека на подрачје на Аеродром била касната од куче скитник.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (01.09.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 177 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 37 санкции, 17 мерки за возење без возачка дозвола, четири санкции за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл. Изречени се деветте мерки за користење мобилен телефон при возење, пет санкции за некористење сигурносен појас, пет мерки за технички неисправни и нерегистрирани возила...

По текот на изминатата вечер (01/02.09.2023) во периодот од 20.00 до 04.00 часот на подрачјето на Прилеп спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол. При контролата санкционирани се 17 возачи За време на контролата биле санкционирани и 8 други видови прекршоци.

На 01.09.2023 во 19.45 часот во Полициската станица Гази Баба, И.К.(24) од Скопје пријавила дека на подрачје на Аеродром била касната од куче скитник.

На 01.09.2023 во 23.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул.„Илинден" во Скопје, малолетничка од Скопје, управувајќи електричен тротинет, изгубила контрола и паднала на коловозот. Малолетничката била пренесена во Комплекс клиники „Мајка Тереза", каде и биле констатирани тешки телесни повреди. Увид бил извршен.

На 01.09.2023 во 13.30 часот во СВР Битола, П.Б.(43) од Битола, пријавил дека на ул. „Партизанска" бил каснат од куче скитник.

На 01.09.2023 во 14.30 часот во Полициското одделение Новаци, В.Ј.(59) од Битола пријавил дека во кругот на РЕК Битола бил каснат од куче скитник.

Денеска (02.09.2023) во Битола, полициски службеници од криминалистичката полиција при СВР Битола го лишиле од слобода И.М(19) од Битола. Тој се сомничи дека денеска одјел накит од Е.В од Австралија, со престој во Битола. Лицето било пренесено во Полициската станица Битола и во службен разговор го признало делото. Одземеното било пронајдено и вратено на сопственикот. По целосно документирање на случајот против И.М. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 02.09.2023 во 01.00 часот во Гевгелија, полициски службеници од Гевгелија го лишиле од слобода И.М.(32) од Гевгелија затоа што во домот физички ја нападнал неговата 69-годишна мајка. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (02.09.2023) во 04.00 часот, полициски службеници од ОВР Прилеп го привеле Д.М.(29) од Прилеп затоа што со тврд предмет оштетил прозорец од куќа на ул.„Џане Коњарец" и стакло од пријавница на Полициска станица Прилеп. Исто така, при приведувањето Д.М. агресивно се однесувал кон полициските службеници кое вршеле службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 02.09.2023 во 03.50 часот во Кавадарци, полициски службеници од Полициската станица Кавадарци го привеле Б.Т.(21) од Кавадарци затоа што во ул.„Лазо Мицев" агресивно се однесувал и се заканувал на Ј.К.(21) и С.З.(22), двете од Кавадарци. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 01.09.2023 во 19.30 часот, полициски службеници од ОВР Кичево ги лишиле од слобода А.А.(28) од Кичево затоа што агресивно се однесувал кон полициските службеници кои извршувале службени дејствија. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.09.2023 во 02.20 часот во ОВР Кавадарци, од Општа болница Кавадарци било пријавено дека кај нив со повреди биле донесени Б.К.(55) од с.Дреново и Ц.А.(52) од Кавадарци. Според пријавеното, тие се здобиле со повредите при извршување работни задачи во фирма во Кавадарци. Увид бил извршен.

На 01.09.2023 во Полициската станица Пробиштип, од Итна медицинска помош било пријавено дека кај нив со повреда бил донесен Б.А.(29) од Кратово. Според пријавеното, тој се здобил со повредата при извршување работни задачи во рудник во Пробиштип. Увид бил извршен.

На 01.09.2023 во 09.45 во Полициската станица Ѓорче Петров, Н.Т.(40) од Скопје пријавила дека нејзиното патничко возило „тојота јарис" со скопски регистарски ознаки, кое било паркирано пред нејзината куќа на подрачје на Ѓорче Петров, било оштетено од залутано зрно од огнено оружје. Извршен е увид и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.09.2023 во 16.30 часот во Полициската станица Карпош, од Јавна установа за згрижување деца било пријавено дека нивниот штитеник К.П.(16) се вратил во установата, за кого на 31.08.2023 беше пријавено дека се одалечил од установата.

На 01.09.2023 во 12.00 часот во СВР Охрид, 23 - годишен охриѓанец пријавил дека бил измачен од Б.С. од Струга. Според пријавеното, на 11.07.2023 во Охрид тие имале сообраќајна незгода, при што Б.С. ветил дека ќе му ја надомести штетата на возилото, но до пријавувањето не го сторил тоа. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (02.09.2023) во СВР Охрид, 71-годишен жител на охридско село пријавил дека физички бил нападнат од неговиот син П.Т.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.09.2023 во 23.30 часот во СВР Битола, И.Ј.(48) пријавил дека бил физички нападнат од соседот Б.Н. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.09.2023 во 23.35 часот во СВР Битола, В.С.(27) од с.Света, демирхисарско, пријавила дека во Битола била касната од куче скитник.

На 01.08.2023 во 19.55 часот во СВР Штип, Ѓ.Д.(46) од Штип пријавил дека во 19.30 часот на ул.„Пески" во Штип бил физички нападнат од Б.Н.(43) од Штип. Се преземаат мерки за расчистување на случајот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.09.2023 во 15.15 часот во СВР Струмица, А.В.(53) од Струмица пријавил дека околу 14.30 часот пред угостителски објект на ул.„Балканска" во Струмица бил физички нападнат од З.„Н" од Струмица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.09.2023 во 16.50 часот во СВР Битола, С.А.(71) од Битола пријавила дека во централното градско подрачје во Битола била касната од куче скитник.

На 02.09.2023 во 02.15 часот во ОВР Прилеп, А.Д.(29) од Скопје пријавила дека за време на одржување на музички фестивал во Прилеп била физички нападната од лице кое работело како обезбедување. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.09.2023 во 23.45 часот во СВР Струмица било пријавено дека во казино во с.Ново Село, струмичко, Н.Н. оштетил еден од апаратите. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.09.2023 во 01.00 часот во Полициската станица Радовиш, П.П.(49) од Штип, со живеалиште во Радовиш, пријавил дека на 01.09.2023 околу 23.40 часот на костоница од ул.„1 Мај" со ул.„Партизанска" во Радовиш бил физички нападнат од З.Т. од с.Раклиш, радовишко. Се работи на расчистување на случајот.

На 01.08.2023 околу 21.05 часот во Полициската станица Гостивар било пријавено дека на магистралниот пат Гостивар-Кичево, на околу 2 км. пред превојот „Стража", настанал пожар во патничко возило „Волксваген голф" со скопски регистарски ознаки во движење, управувано од Ѓ.Ј.(34) од Скопје. Пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема.

На 01.09.2023 во 09.45 часот во Полициската станица Ресен, А.М. од Ресен пријавил дека во централното градско подрачје во Ресен бил каснат од куче скитник.

На 01.09.2023 во 20.00 часот во Полициското одделение Камењаско, Ф.Р.(20) од с.Горно Палчиште, тетовско, пријавил дека околу 18.00 часот во селото, неговиот малолетен брат бил физички нападнат од Ф.Б. од истото село. Се преземаат маерки за расчистување на случајот.

На 01.09.2023 во 15.40 часот во СВР Велес, Д.М.(18) од Велес пријавил дека околу 15.20 часот на ул.„Нада Бутникошарова" во Велес бил физички нападнат од Е.Ќ. од Велес. Се работи на расчистување на случајот.

На 01.09.2023 во 13.00 часот во Полициската станица Прилеп, М.Б.(40) од с.Канатларци, прилепско, пријавил дека во селото, неговиот малолетен син бил каснат до куче скитник.

На 01.09.2023 во Полициската канцеларија Демир Капија, М.С.(50) од с.Корешница, демиркаписко, пријавил дека околу 22.00 часот во дворот од семејната куќа бил физички нападнат од Б.М. и Б.М., двајцата од Неготино. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.09.2023 во 18.55 часот во Полициската станица Гостивар, Ј.С.(51) од с.Чајле, гостиварско, пријавил дека околу 17.05 часот во селото бил физички нападнат од соседот М.З.. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 01.09.2023 во СВР Битола, малолетник од Битола, во присуство на претставници од Центарот за социјални работи, пријавил дека во домот, неговите родители агресивно се однесувале кон него поради тоа што претходно го пријавил својот татко во полициска станица за физички напад и нанесена повреда. Малолетникот бил предаден на Центарот за социјални работи. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.09.2023 во 01.15 часот во ОВР Кавадарци, Т.М.(32) од Кавадарци пријавил дека пред казино на ул.„Блажо Алексов" во Кавадарци бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат маерки за расчистување на случајот.

На 02.09.2023 во 01.12 часот во СВР Велес, К.С.(24) од Неготино пријавила дека околу 01.00 часот во близина на Градскиот пазар во Неготино три лица физички ја нападнале и се обиделе да ѝ ја одземат чантата и мобилниот телефон. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.09.2023 во Полициската станица Гази Баба, од СОС Детско село било пријавено дека од установа се одалечила Р.Ж.(17). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 01.09.2023 во 21.10 часот во Полициската станица Гостивар, А.Н.(36) од Гостивар пријавил дека на ул.„Мара Угринова" во Гостивар, неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 01.09.2023 во 22.40 часот во СВР Велес, О.Ј.(47) од Велес пријавил дека на ул. „Петар Делјан" бил каснат од куче скитник.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет